РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1825/1
27-04-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), 31-та седница одржана на 22.04.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 09-3017/1 од 20.11.2025 година, оформен по пријава против службеното лице ------, член на Советот на општина ------, СЕ ЗАПИРА.
Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека нема прекршување на член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.
Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со бр.09-3017/1 од 28.11.2025 година е оформен по пријава од непознат подносител, со наводи дека од страна на службеното лице ---------, помлад инспектор од областа -------------- е прекршена забраната од членот 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи истото лице ја извршува функцијата член на Советот на општина -----.

Заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, Државната комисија прибираше податоци и документација од страна на релевантни институции, по што го утврди следното:
Лицето ---------- ја извршува функцијата член на Советот на општина -------, избрано со Уверение за избран советник со бр.11-355/10 од 28.10.2025 година, издадено од Општинската изборна комисија ------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Исто така, лицето ------ е вработено во Државниот инспекторат за труд, на работно место помлад инспектор ---------, во Одделението за инспекциски надзор -----, со Решение за распоредување со бр.04-965/1 од 03.03.2025 година.

Врз основа на сето погоре наведено, Државната комисија констатира дека лицето ------- извршува само една функција, член на Советот на општина -------- и од страна на истото не е сторен прекршок на член 44 од ЗСКСИ.

Врз основа на наведеното, Државната комисија констатира дека во конкретниот случај не постои законска пречка за посоченото лице да биде вработено во Државниот инспекторат за труд, на работно место Помлад инспектор ------- и во исто време да ја извршува функцијата член на Советот општина ------ по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: - З.Б. – член